# Употреба на обично шталско ѓубриво од живина и други домашни животни од страна на органските фармери

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Цели** | Ги дефинира условите, според кои обичното шталско ѓубриво од живина и други домашни животни може да го користат органските производители според Законот за органско земјоделско производство на РМ |
| **2** | **Позадина** | Органското производство бара (скоро) затворени кругови на хранливи материи и оптимална употреба на природни извори, вклучувајќи механизми како биолошка азотна фиксација.<br>Од друга страна, каде мешаните фарми со растително и животинско производство не преовладуваат меѓу органските производители, органските одгледувачи во многу региони немаат свои животни со сопствено ѓубриво. |
| **3** | **Нормативна рамка** | Според Законот за органско земјоделско производство на РМ – Правилник за правила и постапки во растителното органско производство- член 10 став 1,2 3 и 4 и член 43 од Законот . |

| | | |
|---|---|---|
| **4** | **Услови, објаснувања, кратеници** | ● **Интензивно производство** (Нема правна или официјална дефиниција за овој термин; толкувањета на ПРО-ЦЕРТ се следните): **Интензивно**то **производство** не ги почитува минималните барање за благосостојбата на животните.<br>● **компостирање**: Аеробно разградување на шталскиот отпад. Минимална влажност е потребна за процесот компостирање, со таа разлика што сувото шталско ѓубриво нема да биде прифатено како “компостирано”. За правилно компостирање со најмали загуби на хранливи материи, покрај другото, се бара соодносот на јаглеродот и азотот да биде повисок . Ова може да се постигне само кога шталското ѓубриво од живина е измешано со материјали богати со јаглерод како струготини или слама. Зависно од климатските услови и претходната декомпостација во шталата, минималното време за компостирање варира меѓу 2 и 6 месеци. |
| **5** | **Политика** | |

| | | |
|---|---|---|
| **5.1** | **Минимални барања за шталско ѓубриво од живина и од други домашни животни од неорганско производство** | ● Шталското ѓубриво од живина и од други домашни животни може да се користи од полуинтензивно производство, ако се исполнети следниве критериуми :<br>o Да обезбедуваат сопствена храна од сопствена растителна единица<br>o Нема користење на високо флуоризирани ароматични супстанции (кои се излачуваат од животните), пр, како антибиотиците<br>o Нема регуларна превентива, само повремена терапевтска употреба на антипаразитици<br>o Последната употреба на инсектициди или акарициди да биде во пероид од најмалку 5 месеци пред аплицирањето на шталското ѓубриво на полето.<br>o Шталското ѓубриво не смее да се дезинфицира со формалдехид или потенцијално штетни дезинфициенси.<br>o Не повеќе од 30 kg бројлери/$m^2$ односно 12 животни на $m^2$ за бројлери во последниот период на тов или на соодветниот број на животни во помладата фаза.<br>o 40 kg/$m^2$ за мисирка<br>o Не повеќе од 9 кокошки носилки/$m^2$<br>o Подот мора да биде покриен со слама, земја или друг соодветен материјал.<br>o Шталите треба да бидат осветлени, ако има вештачко светло, живината мора да имаат ноќна пауза во темнина од најмалку 6 часа. |
| **5.2** | **Максимални количини** | ● Примена на шталско ѓубриво од живина или друго шталско ѓубриво од надворешни извори не смеат да надминат 170 кг азот /ха/годишно)<br>● Операторот треба да докаже во планот за ѓубрење дека прави сериозни напори за да се намали надворешниот внос на ѓубрива. Освен за оправдани случаи на докажан недостаок, надворешниот внос на хранливи материи од шталското ѓубриво не треба да надмине 50% од целокупната потреба за азот на односната култура. |
| **5.3** | **Контрола** | ● Сите важни информации за животинското производство и производство на шталско ѓубриво треба да бидат собрани, да ги покриваат сите горепоменати барања за заштита на животните и производство/примена на шталско ѓубриво. Докази за набавка треба да бидат дадени на увид. |